МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 69 став (13) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ И НАЧИНОТ НА ЖИГОСУВАЊЕ, ВИДОТ НА ШУМСКИОТ ЖИГ ЗА ЖИГОСУВАЊЕ ЗА ИСЕЧЕНО ДРВО И ДРВНИ СОРТИМЕНТИ, НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ИСПРАТНИЦА, ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ИСЕЧЕНО ДРВО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ И ЗАВЕРЕНИ ИСПРАТНИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИСПРАТНИЦИТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИСПРАТНИЦА И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАДЕНИ ИСПРАТНИЦИ

## Член 1

Во Правилникот за видот и начинот на жигосување, видот на шумскиот жиг за жигосување за исечено дрво и дрвни сортименти, начинот на издавање на испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратници и висината на надоместокот за издадени испратници („Службен весник на Република Македонија" бр.183/14 и 141/15) во членот 14 износот „300,00" се заменува со износот „100,00".

## Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6135/3

Министер за земјоделство,

25 август 2017 година

шумарство и водостопанство,

Скопје

Љупчо Николовски, с.р.